**Известување за концентрација со која Цертис Белхим Б.В. (Certis Belchim B.V.), Холандија, Редестос С.А. (Redestos S.A.), Грција , целосно функционално на Заедничко вложување**

**(предмет бр. 08-111/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Цертис Белхим Б.В. со регистрирано седиште на Штадсплатау 16, Поштенско сандаче 607, 3500 АП Утрехт, Холандија, („Цертис Белхим"), а кое е под крајна контрола на Митсуи & Ко., Лтд (Mitsui & Co., Ltd.; заедно со неговите зависни друштва означени како „Матсуи Група") и Редестос С.А. со регистрирано седиште е во Индустриската зона на Солун, Поштенско сандаче 48, 570 22 Синдос, Грција, (Редестос"; заедно со неговите зависни друштва во понатамошниот текст означени како: „Редестос Група" ),формираат целосно функционално на заедничко вложување.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Митсуи Групата е еден од најголемите корпоративни конгломерти (т.н. *keiretsu*) во Јапонија. Митсуи Групата вклучува голем број на друштва, од кои повеќето се големи, меѓународни корпорации како што е Митсуи & Ко. (Mitsui & Co.); Митсуи Хемикалс (Mitsui Chemicals); Митсуи Констракшн Ко. (Mitsui Construction Co.); Митсуи Инжинеринг енд Шипбилдинг Ко. (Mitsui Engineering and Shipbuilding Co.), Митсуи Мајнинг & Смелтинг Ко. (Mitsui Mining & Smelting Co.), итн.

Митсуи & Ко. (Mitsui & Co.) е основното друштво во Митсуи Групата и едно од најголемите друштва во Јапонија за општа трговија.

Друштвото претежно функционира како холдинг друштво на повеќе зависни и поврзани друштва, кое управува со нарачки и организира достава на индустриски, земјоделски и потрошна стока и добра.

Генерално, Митсуи Групата ги има следниве седум оперативни сегменти:

минерали и метални ресурси, енергетика, машинство и инфраструктура, хемикалии, производи од железо и челик, животен стил и иновација и корпоративен развој.

Цертис Белхим е глобално друштво со седиште во Утрехт, Холандија, под самостојна контрола на Митсуи Групата. Цертис Белхим е активно во секторот заштита на растенија со фокус на одржливо земјоделство, заштита на растенија, развој на производи, регистрација и маркетинг во рамките на земјоделската индустрија. Друштвото има директно присуство, преку неговите зависни друштва, во скоро сите држави во Европа, САД и Канада и остварува продажба преку своите локални партнери во Азија, Јужна Америка, Африка и Австралија.

Редестос Групата е активна во земјоделскиот сектор во Грција, Југоисточна Европа и Блискиот Исток. Активностите на Редестос Групата ги вклучува следниве деловни единици: заштита на растенија и одгледување, материјали за размножување на растенија, лабораториски и консултантски услуги и производство и трговија со земјоделски производи.

Редестос е активно во развојот, производството и дистрибуцијата на производи за заштита на растенија, специјализирани ѓубрива и семиња.

Во Северна Македонија, Подносителите се активни или преку локални трети страни дистрибутери или преку директни извозни продажби и преку КНЕ Цертис и неговото локалното зависно

друштво, КНЕ ЦЕРТИС ДООЕЛ Гевгелија, со регистрирано седиште на булевар Гевгелија бр. 16, Гевгелија, чија деловна активност е продажбата на производи за заштита на растенија, специјализирани ѓубрива и семиња на тровци на големо (46.75 – трговија на големо со хемиски производи).

Според подносителите на известувањето релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар за продажба на производи за заштита на растенија, специјализирани ѓубрива и семиња.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**12.08.2024 година**
**Скопје**